РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Климент Охридски"-Битола
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ-ПРИЛЕП
07.02.2020
02 95/1 / /

Бр. 14-92/4-1
29.01.2020
Битола

Врз основа на член 94 став 1 точка 43 и член 173 став 2 од Законот за високото образование, на член 107 точка 3 од Статутот на Универзитетот и на член 39 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, како и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет - Прилеп Бр. 02-60/2 од 27.01.2020 година, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на 177-та седница одржана на ден 29.01.2020 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

1. Се потврдува Одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет - Прилеп Бр. 02-60/2 од 27.01.2020 година, **за избор на вонр.проф.д-р Драгица Оџаклиеска во наставно – научно звање редовен професор на Економскиот факултет - Прилеп** од научните области ***Финансии и Меѓународна економија***.
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 13.07.2020 година.

## Образложение

Со Одлука Бр.02-60/2 од 27.01.2020 година, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет - Прилеп го усвои Референтот на Рецензионата комисија и ја избра вонр.проф.д-р Драгица Оџаклиеска во наставно – научно звање редовен професор на Економскиот факултет - Прилеп од научните области Финансии и Меѓународна економија.

Врз основа на член 173 став 2 од Законот за високото образование и член 39 став 2 и 3 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, во рокот од 5 дена, деканот на Факултетот ја достави до Сенатот на Универзитетот на потврдување Одлуката за избор на вонр.проф.д-р Драгица Оџаклиеска во редовен професор.

Универзитетскиот сенат, врз основа на образложението содржано во Одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет - Прилеп, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука, односно ја потврди Одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет - Прилеп Бр.02-60/2 од 27.01.2020 година, со што го потврди изборот на вонр.проф.д-р Драгица Оџаклиеска во редовен професор на Економскиот факултет - Прилеп од научните области Финансии и Меѓународна економија.

Со изборот во редовен професор, проф.д-р Драгица Оџаклиеска заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 13.07.2020 година, бидејќи Одлуката за избор на д-р Драгица Оџаклиеска во звањето вонреден професор за време од пет години започнала да се применува од 12.07.2015 година, па само по истекот на петте години може да се примени оваа Одлука за потврдување на изборот во повисокото наставно-научно звање редовен професор.

Подготвил и одобрил:
м-р Офелија Христовска

**Вонр.проф. д-р Светлана Вељановска**
**Претседател на Сенат**